Врз основа на член 19 став (7) од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија" бр. 39/05, 4/08, 48/10, 158/10, 44/11, 53/11, 11/12, 171/12, 187/13, 15/15, 129/15, 154/15, 192/15 , 23/16 и 144/18 ), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 јуни 2020 година, донесе

# ОДЛУКА
## за укинување на увозната давачка - царинската стапка за живо јагне

**Член 1**

Со оваа одлука се пропишува мерка за укинување на увозната давачка – царинската стапка при увоз на живо јагне и тоа:

| Тарифна ознака | Наименование | Количина во кгр |
|---|---|---|
| 01040104<br>0104 10<br><br>0104 10 30 00<br>0104 10 80 00 | Овци и кози, живи:<br>-Овци:<br>--Други:<br>---Јагниња со старост до една година<br>---Други | 1.000.000 |

**Член 2**

За остварување на правото од член 1 на оваа одлука кон царинската декларација се поднесува Решение за одобрување на оператор со храна и објект за производство, обработка и манипулација со храна од животинско потекло издадено од Агенцијата за храна и ветеринарство.

**Член 3**

Стоките од член 1 на оваа одлука ќе се увезуваат заклучно со 31.12.2020 година.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**Бр.44-5478/1**
**12 јуни 2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**